Врз основа на член 42 став (3) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија" бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19, 275/19 и 122/21) и Одлуката со која се дава согласност за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање,преработка, рециклирање и уништување на отпад на Владата на Република Северна Македонија бр.50-1651/5 од 18 февруари 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.38/25), ЈЗУ "Здравствен дом на Скопје"-Скопје, објавува

Бр.Nr. 03-1789/1
16.05 2025 год.viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЈАВЕН ПОВИК Бр.3/2025

**за избор на правно лице кои вршат дејност или поседуваат дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад**

Движните ствари се дотраени, неупотребливи и технолошки застарени и не можат да се продадат или разменат како такви.
Избраното правно лице на јавниот повик има обврска да изврши преземање на движните ствари предмет на јавниот повик и истите да ги транспортира како отпад на соодветен начин, согласно со законските прописи.
Движните ствари се наоѓаат во просториите на ЈЗУ "Здравствен дом на Скопје"-Скопје.

Право на учество на јавниот повик имаат сите домашни правни лица кои поседуваат важечка Дозвола за собирање и/или транспортирање преработка, рециклирање и уништување на отпад, издадена од надлежен орган.

Преземањето на движните ствари е без надоместок.

Лице за контакт во врска со јавниот повик:Ељмедина Мустафовска Камбери, телефон за контакт: 071 258 016, електронска адреса finansii@zds.com.mk
Детални информации за спроведувањето на јавниот повик , потребните документи како и листата на движни ствари дадени се во Инструкција по јавен повик.
Потребната документација во врска со јавниот повик може да се подигне лично од просториите на ЈЗУ- "Здравствен дом на Скопје"-Скопје на Бул. "Крсте Мисирков" бр,28 Скопје, или преку web страницата на ЈЗУ "Здравствен дом на Скопје"-Скопје http://www.zds.com.mk
Краен рок за доставување на пријавите за учество е **23.05.2025 година до 12,00 часот**.